**Што е тоа Архуска Конвенција?**

Меѓународен договор, кој преку својата содржина ги поврзува заштитата на човековите права со заштитата на животната средина.

Усвоен е на 25 јуни 1998 година, во данскиот град Архус, и затоа се нарекува Архуска Конвенција.




Архуската Конвенција ги регулира односите меѓу граѓаните и владите во областа на животната средина. Конвенцијата е договор за заштита на животната средина, но и за твоите одговорности и отвореност при донесувањето на одлуки.

Со оваа конвенција земјите од Европа се договорија, во врска со прашањата за животната средина, властите да бидат поотворени за да можат да им се приближат на граѓаните.

Врз основа на член 56 од Статутот на Општина Богданци („Службен гласник на Општина Богданци" бр. 04/05, 04/11, 04/15, 09/19 и 02/20), Советот на Општина Богданци, на седницата одржана на 16.12.2020 година, по Барањето од Здружение за развој, едукација и еколошка етика-„Полимат 13" за спроведување на проектот „Архус столче", го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Се прифаќа барањето на Здружението за развој, едукација и еколошка етика-„Полимат 13" за спроведување на проектот „Архус столче" во Општина Богданци.

2. Се задолжува општинската администрација при Општина Богданци при подготовка на акти од областа на животната средина да ги вклучи и претставниците од Здружението за развој, едукација и еколошка етика-„Полимат 13".

3. При разгледување на материјал од областа на животната средина на седница на Советот на Општина Богданци да бидат поканети и претставници од Здружението за развој, едукација и еколошка етика-„Полимат 13", како би можеле да го истакнат своето мислење по предложените материјали.

4. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Богданци".

**Бр. 08 –1672/8**
**16.12.2020 год.**
**Богданци**

**Претседател**
**на Советот на Општина Богданци**
**Елена Шутарова**

Република Северна Македонија
Совет на општината
Општина Богданци